**E+ PROJECT**

**Colours Of Volunteering**
EC Project Number: 2022-3-PL01-KA152-YOU-000096327

**Партнери:**

- Stowarzyszenie Dobre Rece - Poland
- OOU Vlado Tasevski- North Macedonia
- Afyonkarahisar Il Milli Egitim Mudurlugu - Turkey




**<u>ИЗВЕШТАЈ</u>**

**ПРОЕКТ - Colours of Volunteering (Боите на волонтерството)**

**Реализација - 15.10.2023- 23.10.2023 година во Поронин, Закопане - Полска**

Во проектот земаа учество **44** учесници (ученици и 6 лидери од земјите партнери) од **Македонија, Турција и Полска.**

**Целите на проектот беа:**

- да се промовира волонтерството и да се поттикнат другите луѓе преку социјална кампања да „пробаат“ волонтирање,
- да се испробаат можностите кои се создаваат со волонтирањето кај врсниците и младите луѓе
- да се вклучат луѓе со помалку можности од разни земји
- да се задоволат потребите и интересите на учесниците за стекнување знаења, квалификации и искуства потребни во нивниот живот.
- Стекнување на овие вештини за зголемување на граѓанска и социјална доброволна активност
- Негување на мултикултурната природа на активноста , ослободување од стереотипите и предрасудите и отвореност кон други култури

**Главна содржина и активности на проектот:**

Овој проект се занимава со темата волонтирање - ширење на идејата за волонтирање, изнаоѓање нови форми на овој начин на трошење на времето. Во текот беа опфатени многу прашања поврзани со волонтерството, од добри практики, преку можностите што ги дава, до создавање идеи за кампања за промовирање на волонтерството. Дел од проектот е доближување на иницијативата на Европската комисија, односно Европскиот корпус за солидарност, поблиску до поширока публика, презентирање и промовирање на мисијата и принципите на програмата меѓу младите луѓе во нашите заедници.

Проектот се состои од главна активност - младинска размена. Активностите за размена беа спроведени во периодот од 15-23 октомври 2023 година во планинскиот предел на Татрите. Заедничката имплементација на активности за размена се засноваше на принципите на неформално образование - работилници, состаноци, дискусии, игри за интеграција, презентации, директен контакт со локалната заедница, правење на социјална кампања со локалната заедница, интеркултурни средби и др.

**Тренер/ обучувач**: Kamila Fąferek

**Учесници лидери во проектот:** Јованка Симоновска и Виолета Панев и 11 ученици ( 9тто одд)
**Локален координатор-** д-р Виолета Панев
**ООУ Владо Тасевски**, Скопје, 8.11.2023 г.